**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Гордана Џутеска**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Охрид, Струга и Дебар**
**ул.Димитар Влахов бр.14**
**тел. 046/264-466**

**Образец бр.66**

**И.бр. 169/2015**

Извршителот Гордана Џутеска од Охрид, ул.Димитар Влахов бр.14 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Агенција за вработување на Република Северна Македонија од Скопјесо ЕДБ 4030992138158 и ЕМБС 4063805 и седиште на ул.Васил Ѓоргов бр.43, засновано на извршната исправа ОДУ бр. 170/10 од 29.03.2010 година на Нотар Васил Кузманоски и ТСЖ-661/14 од 24.10.2014 година на Апелационен суд Битола, и решение ТСЖ-661/14 од 15.12.2014 година на Апелационен суд Битола, против заложен должник Самедин Фазлиоски од Охрид со живеалиште ул. Пере Тошев бр.33, за спроведување на извршување во вредност 1.191.520,00 денари, на ден 15.09.2025 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ТРЕТА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста Охрид опишана во лист В од имотен лист 7189 за КО Охрид 3 како : КП.бр. 14250 дел 1 на м.в. Пере Тошев број на зграда 1 , намена на зграда стан во семејна зграда влез 1 кат МА број 3 во површина од 58 м.к.в.која недвижност е во сопственост на заложниот должник Самедин Фазлиоски од Охрид .

Продажбата ќе се одржи на ден 07.10.2025 година во 10.00 часот во просториите на Извршителот Гордана Џутеска од Охрид, ул.Димитар Влахов бр.14

Почетната вредност на недвижноста утврдена по предлог на доверителот изнесува 1.422.902,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на трето јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености
- Налог за извршување врз недвижност И.бр.169/2015 од 11.08.2015 година на Извршител Гордана Џутеска
- Хипотека ОДУ.бр.170/10 од 29.03.2010 година на Нотар Васил Кузманоски од Охрид

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката на извршителот Гордана Џутеска со број 200001924409473, депонент на Стопанска банка АД Скопје, ЕДБ 5026009500380.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Даноците и другите издатоци во врска со продажбата на недвижноста паѓаат на товар на купувачот.

Овој заклучок ќе се објави во дневниот весник „НОВА МАКЕДОНИЈА“ и електронски на веб страната на КИРМ.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Гордана Џутеска

X

Д.-на:
заложен доверител
должник
Општина Охрид
УЈП Р.Д Битола

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд на територијата каде што ќе се спроведува извршувањето согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.